# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН






**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**13 -19 ное 2025 Билтен бр. 611**

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЛУКРОВСКИ И СОВЕТНИЦИТЕ ОД КАРПОШ ГИ ДОБИЈА УВЕРЕНИЈАТА ЗА СВОИТЕ МАНДАТИ

**(13.11.2025)**
**Претседателот на Општинската изборна комисија на Карпош (ОИК), Александар Мусалевски, му го врачи Уверението за мандатот на градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и му посака успешна работа во управувањето со локалната самоуправа. Во оваа пригода, градоначалникот Лукровски им се заблагодари на сите членови на Општинската изборна комисија за добрата работа, а на советниците им го честиташе нивниот избор, при што им посака добро здравје и успешно справување со претсојните работни предизвици.**

**„Во мене нема да имате само градоначалник, туку и пријател и колега чија врата ќе биде ширум отворена за соработка. Кај мене ќе бидете добредојдени за да ги разгледаме сите отворени прашања, да се консултираме и заедно да изградиме еден поубав Карпош“ – посочи Лукровски.**

**Претседателот на ОИК – Карпош им ги додели Уверенијата за мандатите и на 27 советници, кои во претстојниот четиригодишен мандат (2025-2029) ќе ги застапуваат интересите на карпошани во општинскиот Совет. Оттука, претседателот Мусалевски им го честиташе мандатот на советниците од Карпош, при што упати зборови на пофалба за работата на Општинската изборна комисија. Тој им посака на советниците многу енергија, тимски пристап и успешна работа во интерес на карпошани.**



# ОДБЕЛЕЖАН 13 НОЕМВРИ – ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА СКОПЈЕ

**(13.11.2025)**
**Делегација од Општина Карпош предводена од градоначалникот Сотир Лукровски и советниците Христо Саракинов (ВМРО – ДПМНЕ) и Татјана Стојановска (Независни за Карпош), положија свежо цвеќе пред споменикот на борците од Првиот Скопски партизански одред. На тој начин, претставниците од локалната самоуправа одадоа почит по повод одбележување на 81 годишнината од ослободувањето на главниот град. Во рамки на свеченоста која ја организираше Сојузот на борци на Македонија, пред споменикот на борците од Првиот Скопски партизански одред се поклонија и бројни делегации и претставници од граѓански здруженија.**

**Пред присутните се обрати и првиот човек на Општината, Сотир Лукровски, кој во оваа пригода ја истакна важноста од чествување на празниците, кои се темел на македонската национална свест.**

**„Со жалење ќе констатирам дека бројот на живите сведоци од НОБ е навистина мал. Затоа апелирам, ние помладите да ја негуваме историјата, да ја практикуваме традицијата и да го пренесуваме културното наследство, бидејќи сите тие елементи се дел од нашата колективна историја“ – констатираше Лукровски.**

**Инаку во далечната 1944 година, нападот на надворешната одбрана на Скопје започнал на 11 ноември, кога бил скршен германскиот отпор кај Катланово и селото Лисиче. На 12 ноември, Третиот баталјон и Дванаесеттата бригада влегле во градот, а во ноќта помеѓу 12 и 13 ноември, заедно со ударните групи од градот, во уличните борби, тие успеале да ја совладааат германската одбрана и ги неутрализирале последните упоришта на окупаторот кои се наоѓале во Офицерскиот дом, Народната Банка и Железничката станица. Во понатамошните борби до 16 часот попладне, бил ослободен целиот град.**



# КОНСТИТУИРАН НОВИОТ СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

На 13.11.2025 се одржа првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Карпош. По интонирањето на македонската химна, седницата ја отвори досегашниот претседател на Советот, Бранко Ристов, кој им се заблагодари на советниците од минатиот мандат за соработката, а на новите им посака успешна работа, добар дијалог и многу конструктивни дебати. Оттука, претседателката на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Андријана Јакимовска Панчевска, ги верификуваше мандатите на 27 новоизбрани членови на Советот на Општина Карпош, по што советниците положија свечена заклетва.

Во оваа пригода, со поздравен говор пред присутните се обрати градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој најави дека општината влегува во нова етапа на одговорност, почит и работа.

"Денес не зборуваме за политичка победа. Зборуваме за доверба — довербата што ни ја дадоа граѓаните на Карпош. Тоа не е само резултат на избори, тоа е порака дека сакаат промени, ред, сигурност и живот со вистински вредности".
„Верувам дека вистинското лидерство не е во тоа да победиш противник, туку да создадеш средина во која сите победуваат. Имаме можност за достоинствен почеток – време кога, без разлика на политичките идеологии, сите заедно ја преземаме одговорноста да работиме за доброто на нашите сограѓани – посочи Лукровски.

Првиот човек на Општината им вети на советниците дека ќе биде секогаш достапен за нив, кога е потребна соработка и изнаоѓање на соодветни решенија во корист на карпошани.

Верувам и ветувам дека заедно, низ дијалог и почит, ќе изградиме локална самоуправа која ќе се развива рамномерно, со современа инфраструктура, чиста животна средина, поддршка за образованието, културата, спортот и социјалната заштита. Нашата заедничка цел мора да биде едноставна, но голема. Карпош да биде место каде граѓаните живеат достоинствено, каде институциите се отворени, и каде гласот на секој жител се слуша и се почитува. Јас сум убеден дека со континуирана работа ќе го трансформираме нашиот Карпош, кој ќе биде општина за пример!" – додаде Лукровски.
Во продолжение на конститутивната седница, со мнозинство гласови од советниците беше избран Христо Саракинов, кој во наредниот четиригодишен мандат ќе ја извршува функцијата претседател на Советот на Општина Карпош.

**Во продолжение на конститутивната седница, со мнозинство гласови од советниците беше избран Христо Саракинов, кој во наредниот четиригодишен мандат ќе ја извршува функцијата претседател на Советот на Општина Карпош.**

**„Им благодарам од сé срце на советниците и на градоначалникот Сотир Лукровски за укажаната доверба. Оваа функција за мене претставува чест но исто така и обврска да се залагам за еден отворен и достапен Совет, кој ќе функционира на темелите на заемна почит и соработка. Како прв меѓу еднаквите, безрезервно ќе се залагам за отворање и разгледување на конструктивни предлози и проекти, кои ќе го подигнат животниот стандард на нашите сограѓани" – истакна Саракинов.**

**Во таа насока, Саракинов веднаш ја презеде својата обврска како претседавач со општинскиот Совет и ги проследи останатите точки од денешниот дневен ред. По разгледување на предложените Решенија, советниците избраа претседатели и членови на 11 Комисии, кои во претсојниот мандат ќе заседаваат и работат во функција на Советот на Општина Карпош. По изгласување на овие точки беше исцрпен дневниот ред, при што финишираше и конститутивната седница на новоизбраниот Совет на Општина Карпош.**



# СОВЕТОТ ГО ПОДДРЖА ПРЕДЛОГОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЛУКРОВСКИ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КАРПОШ И ГИ УСВОИ РАЗВОЈНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА 2026 ГОДИНА

**(14.11.2025)**
**Советот на Општина Карпош одржа вонредна седница на која се разгледуваа четири точки кои се најдоа на дневенот ред. Во таа насока, советниците го поддржаа Планот на Програми за развој на локалната самоуправа за 2026 година. Имено, согласно потребите од областа на комуналните работи и уредување на просторот, ќе бидат преземени одредени активности за подобрување на инфраструктурните капацитети во општина Карпош. Станува збор за капитални инвестиции во инфраструктурни објекти какви што се реконструкција на повеќе улици, спортски сали во рамки на основните училишта „Братство“ и „Димо Хаџи Димов“, интервенции во фекални и атмосферски канализации, како и изградба на детската градинка „Пролет“ во населбата Козле и „Мајски цвет“ во населбата Тафталиџе.**

**Потребниот консензус беше постигнат и за Предлог – Одлуката за изменување и дополнување на Општинскиот Буџет, односно ребалансот за 2025 година. Според образложението, потребата за донесување на оваа Одлука произлезе од доделувањето на средства поради зголемен износ на данок на додадена вредност (кој го исплаќа Министерството за финансии) за износ од 2.130.000 денари, како и промени на средствата во приходните и расходните ставки во колоните во косолидираниот Буџет на општината. Поточно, во консолидираниот Општински Буџет за 2025 година има промени во приходниот дел, каде што претходниот износ од 1.853.654.953 денари се зголемува на износ од 1.857.766.953 денари. Во колоната – Буџет на Општина Карпош за 2025 година има промени во приходниот дел, каде што претходниот износ од 1.059.141.953 денари се зголемува на износ од 1.061.771.953 денари. Во рамки на дебатата која се разви по оваа точка, градоначалникот Сотир Лукровски излезе пред советниците со конкретен Предлог – амандман, со кој ќе бидат пренаменети неискористените општински средства за патување во странство и расходи за репрезентација. По предлог на првиот човек на Општината, овие парични средства ќе бидат пренасочени за покривање на трошоци за комунални услуги на основните училишта од Општина Карпош. Во таа насока, мнозинството советници го поддржа предлогот на градоначалникот Лукровски, кој ќе биде составен дел од Предлог – Одлуката за изменување и дополнување на Општинскиот Буџет.**

**Советниците дадоа „зелено светло“ и за изменување и дополнување на на Програмата за активностите во областа на спортот за 2025 година. Станува збор за измена во проектните активности за Училишните спортски лиги на Карпош за 2025 година, за стипендии за талентираните основци – спортисти од Карпош, како и за еднократна поддршка за спорт и рекреација. За Училишните спортски лиги се менува досегашната финансиска рамка од 2.050.000 на 2.624.000 денари. Фондот за стипендии за талентирани ученици – спортисти од VIII и IX одделение од 1.100.000 денари се менува на 1.000.000 денари. Во делот за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација, износот од 1.000.000 денари се менува на  765.000 денари, од каде останатите 235.000 денари се префрлаат во фондот за Училишни спортски лиги на Општина Карпош за 2025 година.**

**Соодветна корекција претрпе и Програмата во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година. Имено, советниците ја поддржаа измената во третата точка од оваа Програма, која се однесува на парична помош за лицата односно семејствата кои се наоѓаат во социјален ризик, или пак им се потребни финансиски средства за лекување. За таа намена се зголемува досегашниот износ од 7.000.000 денари на 9.000.000 денари.**



# УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КУП ПО ПОВОД РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНАТА

**(17.11.2025)**

**Во организација на Одделението за спорт при Општина Карпош, се одржаа финалните натпревари од Училишните спортски лиги за 2025 година. Овие активности традиционално се организираат по повод одбележување на роденденот на локалната самоуправа, која годинава прослави 49 години од своето постоење. Во таа насока градоналачникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, во придружба со претседателот на Советот, Христо Саракинов присуствуваа на возбудливите финални мечеви во фудбал, одбојка и кошарка во кои учествуваа младите основци од Карпош.**

**Во финалниот фудбалски меч кој се одигра на спортскиот терен во Влае, екипите од ООУ „Лазо Трповски" и ООУ „Војдан Чернодрински" одиграа квалитетен и неизвесен натпревар, каде на крајот триумфираше екипата на ООУ „Лазо Трповски" со резултат 1:0. Интересно е што во текот на целиот турнир, фудбалерите од ООУ „Лазо Трповски" немаа забележано ниту еден пораз, а во финалето одиграа цврст натпревар со своите соперници од „Млечен", каде одлучувачка беше стабилната одбрана на победничкиот тим.**

**Во спортска сала „Партизан" каде се одигра финалето во одбојка за девојчиња, убедливо славеше екипа од ООУ „Јан Амос Коменски" која ги совлада своите ривалки од ООУ „Владо Тасевски" со резултат 2:0 во сетови. Женската екипа од Тафталиџе беше пофокусирана и со цврста игра на мрежата, ги заврши двата сета во своја корист со идентичен резултат 25-15. Возбудлив натпревар приредија и младите кошаркари од приватното училиште IPS, кои ги совладаа своите ривали од ООУ „Јан Амос Коменски". Финалниот кошаркарски натпревар беше одигран во прекрасна атмосфера, каде кошаркарскиот тим на IPS убедливо триумфираше над своите соперници со резултат 62-52.**

**Дипломите на второпласираните екипи во фудбал, одбојка и кошарка ги додели претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, додека пак, градоначалникот Сотир Лукровски им ги врачи дипломите и победничките пехари на најуспешните тимови во Училишните спортски лиги за 2025 година.**

**„Имав одлично претпладне и среќен сум што бев дел од трите финалиња, во фудбал, одбојка и кошарка. Посебно ме радува силната емоција кај учениците, а во спортот, победуваат најдобрите и најупорните. Децата се нашата иднина и токму спортот е од особено значење за нив. Спортот има голема улогата за нивното ментално здравје како и за физичката подготвеност за справување со понатамошните предизвици. Трите постулати на животот се редот, работата и дисциплината и ако се негуваат, како во спортот така и во животот, еден ден ќе се достигне целта. Јас како градоначалник ќе продолжам да ја негувам традицијата, а Општината и во иднина ќе организира вакви спортски настани" – додаде градоналаникот Лукровски.**


ДИПЛОМА
ОПШТИНА
КАРПОШ


ООУ
ЈАН АМОС КОМЕНСКИ

# ЛУКРОВСКИ И САРАКИНОВ И ГО ЧЕСТИТАА СТОТИОТ РОДЕНДЕН НА БАБА СЛАВКА

**(18.11.2025)**

**Љубовта кон најблиските, слогата и заедништвото се тајната за мојот долговечен и спокоен живот – вели една од највозрасните жителки на Карпош, Слава Коцевска, која го одбележува својот голем јубилеј. По тој повод градоначалникот Сотир Лукровски и претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов ја посетија баба Славка, која денеска го слави својот 100-ти роденден. Баба Славка чии очи сè уште зрачат со жар и топлина, им ја раскажа својата животна сторија на своите гости. Родум од Штип во далечната 1925 година, таа го поминува најголемиот дел од својот живот во преубавиот Карпош.**

**Нашата стогодишна хероина напоменува дека ја добива најголемата поддршка од своето многубројно семејство. Имено, баба Славка е мајка на три деца (има два сина и една ќерка), но како што вели, најмногу се гордее со тоа што е баба, прабаба и чукунбаба. Во нејзиниот топол дом исполнет со раскошно цвеќе доминираат живописните гоблени кои самата ги изработила. Низ разговор, баба Славка открива дека токму денеска и се исполнила нејзината голема желба – да му подари преубаво цвеќе на градоначалникот Лукровски, кое ќе ја разубави просторијата во неговиот работен кабинет.**

**Во оваа пригода, првиот човек на Општината, Сотир Лукровски и претседателот на Советот, Христо Саракинов, изразија искрени честитки за едновековниот животен јубилеј кој го празнува баба Славка. Оттука, тие и посакаа добро здравје и уште многу весели насмевки на нејзиното ведро лице, кое навидум ја крие сета мудрост и добрина на светот.**



# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ПО ПОВОД 3-ТИ ДЕКЕМВРИ – ДЕНОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

(19.11.2025)

**ЈАВЕН ПОВИК За доделување на еднократна парична помош по повод 3-ти Декември – Денот на лицата со попреченост**

Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година, се објавува јавен повик за доделување на еднократна парична помош по повод 3-ти Декември – Денот на лицата со попреченост

I. Право на остварување на еднократна парична помош имаат лица со попреченост , жители на Општина Карпош
Потребни документи

За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање:

-лична карта ( подносителот да е жител на Општина Карпош )

-трансакциска сметка ( на име на подносителот на барањето)

-наод и мислење за вид и степен на попреченост во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби или конзилијарно мислење/наод за остварување на право на додаток за попреченост во прв степен  или друг документ со кој се потврдува видот и степенот на попреченост

III. Висина на финансиската поддршка

Висината на еднократната парична помош изнесува 5.000,оо денари

Начин на пријавување
Комплетната документација се поднесува во архивата на Општина Карпош .Остварување на правото на паричен надомест ќе се врши по редослед на поднесување, до исцрпување  на средствата  предвидени во финансиската рамка во точка 6. . Одбележување на 3-ти Декември – Денот на лицата со попреченост  од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година.

V. Повикот е временски ограничен и трае од 19.11.2025 година до 27.11.2025 година

Линк до јавниот повик : https://shorturl.at/mjk01
Линк до барањето: https://shorturl.at/mLnMa

# ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ ВО КАРПОШ

(19.11.2025)

Во рамки на тековните активности поврзани со уличното осветлување и јавната хигиена, општински служби минатиот викенд работеа со зголемен интензитет. Во таа насока, стручните лица пристапија кон решавање на поголемиот број проблеми кои беа детектирани на теренот.

Имено, екипите беа особено активни во реонот на населбата Карпош 4, каде деновиве беше целосно санирано осветлувањето околу кулите на ул. Никола Парапунов во близина на мостот Обединети нации. Успешно беше отстранет дефектот со осветлувањето на првиот дел од ул. Волградска, а се интервенираше и на улиците Соле Стојчев и Желево. На таа локација, стручните служби ги санираа дефектите и во третиод дел на ул. Волградска, а во исправна состојба се доведени и светилките на улиците Невеска и Воденска.

Темелно се работеше и во населбата Карпош 2, каде беа санирани дефектите на електричната мрежа на осветлување, на улиците Шекспирова и Бранислав Нушиќ. Со истата динамика беа решени проблемите со јавното осветлување, на делови од улиците Руѓер Бошковиќ и Веселин Маслеша.

Минатиот викенд службите од локалната самоуправа се фокусираа на подигнување на нивото на јавната чистота. На иницијатива на жителите од населбата Жданец, беше спроведена заедничка еко-акција за расчистување на сметот и одржување на здравата животна околина. Во меѓувреме општинските служби задолжени за одржување на хигиената, исчистија поголем дел од пешачките патеки низ Карпош.

Линк од изјавата: https://youtu.be/7zmIKBVO7B4?si=XLo2Hs79PnMOOBE3

